**Стратегија за вмрежување на жени-членки во земјоделски задруги во рамки на Македонска асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ)**

## I. ВОВЕД

Изработката на Стратегијата за вмрежување на Македонската асоцијација за земјоделски задруги конкретно на Женската работна група креирана во рамки на организацијата за периодот 2022- 2024 произлезе како резултат на потребите од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата. На креирање на стратегијата претходеше дводневна работилница за јакнење на капацитетите на жените вклучени во земјоделски задруги преку запознавање со концепти како што се мрежи, вмрежување, соработка и партнерства, структура на задруги, формални и неформални тела, женски задруги и др. Учество во работата земаа жени-членки на 6 земјоделски задруги од различни региони на државата. Како краен продукт од работилницата се формираше Женска работна група во рамки на МАЗЗ и се утврдија принципите на работа, мисијата, визијата и целите на ЖРГ. Стратегијата беше изработена со активно вклучување и придонес на жените –членки на земјоделски задруги во склоп на МАЗЗ. Стратегијата претставува вид продолжување на стратешкото планирање на организацијата и на активностите кои се предвидени преку Институционалниот грант на МАЗЗ кој предвидува организациско јакнење, институционален развој на организацијата, надминување на предизвиците и зголемување на придонесот на организацијаа во општеството.

Стратегијата за вмрежување претставува значајна појдовна точка во идентификување на потребите на ЖРГ и можностите за идната работа и промени во унапредување на соработката, партнерството и размената на идеи и искуства помеѓу задругите –членки на МАЗЗ.

Содржинскиот придонес на стратегијата беше остварен и преку анализа на потребите и состојбата на жените-членки на земјоделските задруги во рамки на МАЗЗ и активен придонес од страна на истите при креирањето на стратегијата.

## II. За Македонска асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ)

Македонската асоцијација на земјоделски задруги е организација што ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за постигнување на нивните индивидуални и заемни права и интереси и модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот.

Целта на организацијата е да ги штити економските, социјалните и културните интереси на задругите и да работи на подобрување на условите на производствениот пазар. МАЗЗ има статус на социо-економски партнер на Владата на Република Северна Македонија и ги застапува интересите на земјоделските задруги пред МЗШВ. МАЗЗ е здружение основано во 2012 , а од 2020 год. МАЗЗ брои 48 члена (земјоделски задруги од сите региони на земјата и од различни сектори).

Мисија на МАЗЗ: МАЗЗ постои за да ги организира и поврзе земјоделските задруги на национално ниво, да ги јакне нивните капацитети, да ги застапува нивните интереси и да го унапредува земјоделското производство и руралниот развој.

Визија на МАЗЗ: Успешни, модерни, здружени и одговорни земјоделци носители на развојот на задругарството во Република Северна Македонија.

III. За Женска работна група

Женската работна група при МАЗЗ е формирана на дводневна работилница на 22 и 23 декември 2021г. каде преку консултативен и партиципативен процес воден од страна на надворешен фасцилитатор се дефинираа мисијата, визијата, принципите на работа и целите на ЖРГ. При формирањето на Женската работна група учествуваа претставнички од 6 земјоделски задруги-членки на МАЗЗ и истите ги поставија основните приоритети на работа и стратешки цели.

Мисија на Женската работна група при МАЗЗ: Зајакнати и обединети жени на лидерски позиции во ЗЗ и управувачки структури во МАЗЗ

Визија на Женската работна група при МАЗЗ: Активни жени-столб на земјоделските задруги и двигателки на позитивни промени во задругарството

Принципи на работа на ЖРГ: тимска работа, иновација, интегритет, соработка, застапување, независност и транспарентност.

## IV. Мрежи и вмрежување

Мрежите претставуваат доброволно здружување најчесто на граѓански организации , но и на поединци и други облици на здружување поради адресирање на заеднички потреби, остварување на заеднички интереси и/или постигнување на заеднички цели. Вмрежувањето е прашање на создавање на корисни врски, во и меѓу заедниците, организациите и општествата. Вмрежувањето ги претставува односите, процесите, структурата меѓу организациите и истото има за цел да ја подобри и видливоста на работата и зголемување на можностите.

## V. Цел на стратегијата за вмрежување

Оваа стратегија за вмрежување претставува значајна појдовна точка во идентификување на потребите, размена на добри практики и искуства помеѓу жените-членки на земјоделските задруги на МАЗЗ.

**Општа цел** на стратегијата  за вмрежување е воспоставување на посилно партнерство и соработка, подобра координација и заеднички настап на жените-членки на земјоделски задруги.

При креирање на стратегијата за вмрежување земени се предвид потребите на жените-членки на земјоделските задруги во МАЗЗ, а тоа се потребите за зајакнување на нивните капацитети преку хоризонтално поврзување и токму затоа оваа стратегија ги таргетира земјоделските задруги кои се веќе постоечки членки во МАЗЗ и жените –членки во истите.

**Специфични цели на вмрежувањето/интерна мрежа**

1. Зајакнување на интерното партнерство, видливоста и соработка преку средби/работни посети
2. Да се биде во чекор со трендовите во земјоделските задруги преку споделување на знаење, размена на искуства, идеји и добри практики помеѓу задругите
3. Развој на специфични/стручни обуки и обуки за меки вештини согласно мапираните потреби
4. Развој на интерна програма за менторство (промовирани задруги и жени-членки во задругите делуваат како менторки на помалку промовирани задруги и помалку промовирани жени-членки)
5. Подобрена видливост на жените-членки на задругите како и зголемување на онлајн видливоста на нивната работа и производите

6. Нови деловни можности –вмрежувањето ќе резултира со отворање на нови можности за жените-членки на задругите
7. Подобро проценување на потреби и недостатоци како резултат на заедничко вмрежување

## VI. Принципи на вмрежување

Како принципи кои ќе се воспостават и почитуваат при вмрежувањето на жените-членки на различните земјоделски задруги при МАЗЗ се следните : еднаквост, партиципативност, репрезентативност, транспарентност, редовно планирање и одржување на редовна внатрешна и надворешна комуникација.

## VII. Комуникација и комуникациски канали

Со цел непречено функционирање на комуникацијата меѓу членките на различните земјоделски задруги неопходно е воспоставување на ефективна формална комуникација, идентификување на информациите кои ќе се споделуваат, фреквенцијата на споделување, начинот на споделување, лице одговорно за комуникација.

Со цел размена на идеи, искуства, позитивни практики и подобра координација помеѓу жените од земјоделските задруги ќе се води редовна комуникација на месечно ниво која ќе биде координирана од страна на извршната канцеларија на иницијатива на претседателот на МАЗЗ и координаторот на Женската работна група. Извршната канцеларија ќе биде одговорна за закажување редовни координативни состаноци помеѓу членките на земјоделските задруги.

Во однос на неформалната комуникација истата ќе биде воспоставена од страна на самите членки на задругите на начин кој ним најдобро им одговара и на кој истите интерно ќе се договорат (електронско вмрежување, вибер комуникација итн).

Редовни внатрешни средби/посети на земјоделските задруги ќе се остваруваат почнувајќи од јануари 2022 со посебен фокус на жените од земјоделските задруги.

Редовни средби помеѓу задругите ќе се организираат соодветно на предвидените активности за работа на Женската работна група.

Посетите на задругите и средбите помеѓу задругите ќе бидат начин на размена на искуства, детектирање на потребите и натамошно надградување на системот на регрутирање на потенцијални нови членки на постоечките задруги –членки на МАЗЗ.

**Односи со јавност**

Вмрежените жени –членки на земјоделски задруги во рамки на МАЗЗ ќе се фокусираат на зголемување на видливоста на работа на ЖРГ, креирање на позитивна слика преку ширење на својата порака и пренесување на информации за активностите до медиумите и јавноста. Истото ќе се врши преку извршната канцеларија преку соопштенија за медиуми и контактирање на медиумите за важните настани и новости кои ЖРГ ги спроведува.

## VIII. Структура на вмрежување и членови на интерната мрежа

Вмрежувањето ќе биде неформално преку воспоставување на интерна мрежа помеѓу земјоделските задруги членки на МАЗЗ со посебен фокус на вмрежување на жените од задругите. Координацијата ќе биде водена од страна на лице-координатор.

**Членови на интерна мрежа**

Членови на интерната мрежа можат да бидат сите жени-членки на земјоделски задруги кои се веќе дел од МАЗЗ , но исто така и опфаќање на жени од рурални средини кои не се членки на задруги со цел активација и мотивирање за членство во земјоделски задруги.

## IX. Активности на мрежата

Активностите на мрежата произлегоа како резултат на формирањето и предлозите и сугестиите од страна на Женската Работна Група формирана во рамки на МАЗЗ на дводневната работилница за јакнење на капацитетите на жените-членки на земјоделски задруги. Активностите се со временска рамка од две години дефинирана во стратешкиот план на Женската работна група и истите зависно од потребите можат да преминат и во наредни години како редовни активности на ЖРГ.

1. Зајакнување на капацитети преку обуки, едукации , студиски посети
2. Планирање на нови проектни активности и грантови
3. Развој на план за регионална соработка

4. Проценка на недостатоците и проблеми со цел преземање активности за влијание врз креаторите на политиките
5. Родова проценка на состојбата и потребите на жените и креирање на документ за политики
6. Локални и национални кампањи за поддршка на активности на земјоделски задруги (кампања за заселенување, кампања за размена и промоција на стари сорти)
7. Промоција на производи на жени-членки на задруги преку поставување на истите на веб страна на МАЗЗ
8. Медиумски кампањи и кампањи на социјални медиуми за март месец на жените во земјоделските задруги
9. Подигање на јавната свест за значењето на здружување на жените во земјоделски задруги како форми на економско јакнење и јакнење на претприемачки вештини на жените-членки
10. Активности за зголемување на бројот на жените во управувачки структури во задругите